Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 јули 2022 година

Скопје, јули 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Предлог-одлука за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон Криволак

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

**1.** Владата во врска со политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, кој ќе се одржи на 19 јули 2022 година во Брисел, ги усвои следните заклучоци:

1) Трошоците за авионски превоз и за хотелско сместување за членовите на државната и придружната делегација ги покрива секоја институција за своите претставници, освен за претставникот на Агенцијата за остварување на првата на заедниците, за кој трошоците ќе ги покрие Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

2) Трошоците за авионски превоз и за хотелско сместување за претставниците на медиумите ќе бидат покриени од Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за европски прашања, така што секоја институција ќе плати подеднаков дел од вкупните трошоци.

3) Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи да ги поделат трошоците (во износ од 7.000 евра) за организирање на заеднички коктел на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, веднаш по одржувањето на политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија и почетокот на процесот на скрининг, кој ќе се одржи на 19 јули 2022 година во Брисел, во организација на Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија, во однос на одбележување на почетокот на преговорите за полноправно членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**2.** По повод случувањата поврзани со Клиничката болница „Жан Митрев“-Скопје, Владата го задолжи Министерство за здравство да подготви и во рок од два дена до Владата да достави информација во врска со сторијата на Истражувачка репортерска лабораторија, емитувана на програмата на Македонската радио-телевизија на 17 јули 2022 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон Криволак и ја донесе Одлуката со заклучок истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Др. Артан Груби**